Април 2011

# БИЛТЕН НА ССНМ

Vol. 1 Issue 3

## ССНМ- ЧЛЕН НА МЕЃУНАРОДНАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА НОВИНАРИ

ССНМ стана придружен член на Меѓународната федерација на новинари (International Federation of Journalists). Статусот на придружна членка ги овозможува сите услуги што ги нуди Меѓународната федерација на новинари, освен правото да гласа на конгресите. Меѓународната федерација на новинарите е најголема организација на новинари во светот, односно преставува околу 600 000 членови од повеќе од 100 земји.

На 19 Март во Брисел, Извршниот комитет на IFJ одлучи ССНМ да стане придружен

ИНИЦИЈАТИВА ЗА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА

Со поддршка од германската фондација Фридрих Еберт, на 2 и 3 април ССНМ организираше работилница чии главни цели беа подигнување на синдикалната свест и запознавање со работничките права. Тренери на семинарот беа Маринка Бољковац, генерален секретар на Синдикатот на новинари на Хрватска, Драгана Чабаркапа, претседател на Синдикат на новинари на Србија и Маре Анчева од Синдикат на индустрија, енергетика и рударство на Македонија Учесниците на семинарот упатија иницијатива и до другите синдикати од регионот за воспоставување на поцврста соработка за заштита на своите членови. Членовите на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници изразија солидарност со новинарите од Вечерњи лист од Загреб,Хрватска кои штрајкуваат поради колективниот договор, како и со колегите од РТВ5 од Ниш и неделникот Светлост од Крагујевац, Србија кои штрајкуваат заради неисплатени плати..



Маринка Бољковац и Драгана Чабаркапа на семинар во Скопје

НОВ ТЕЛЕФОНСКИ БРОЈ

Од неодамна ССНМ има директна линија која нема да се менува независно од локацијата на канцеларијата.Можете во секое време да не добиете на

(2)2701 201

**Врз основа на Договорот за стратешка соработка со ЗНМ, ССНМ во следниве месеци е лоциран на адресата на ЗНМ.**

**Градски ѕид блок 13**
**1000 Скопје**
**Македонија**
**www.jamtu.wordpress.com**
**E: ssnm@live.com**
**E:ssnm.info@gmail.com**
**T: (2) 3298 139**
**F: (2) 31164777**

Април 2011

# БИЛТЕН НА ССНМ

Vol. 1 Issue 3

## ПОЧНАА РАЗГОВОРИТЕ СО МПМ

ССНМ и синдикалните преставници од дневните весници „Дневник“, „Утрински весник“ и „Вест“и неделникот „Теа модерна“, по информациите за рационализација во весниците и можно затворање на Утрински весник  имаа средба со раковоството на „Медиа принт Македонија“, кој е дел од Групацијата ВАЦ. На состанокот раководството на компанија презеде обврска да го информира и да го вклучи синдикатот во донесувањето на одлуки околу идните промени кои се однесуваат на правата од работен однос на нашите членови .ССНМ ќе инсистира оваа обврска на работодавачот да биде испочитувана .За сите наши активности и меѓусебна комуникација покрај членовите се информирани и Меѓународната конфедерација на новинари и сите новинарски синдикати во регионов со кои соработуваме и градиме заедничка стратегија




## Формирани работни групи

ССНМ планира зголемување на бројот на луѓето во “првите борбени редови” преку вклучување на оние членови кои досега покажаа интерес за поголем ангажман.
Активистите кои веќе се јавија формираа неколку работни групи. ССНМ  ги повикува сите оние кои имаат желба да помогнат во работата на синдикатот да ни се обратат на електронската адреса ssnm@live com



ССНМ упатува повик до сите новинари и други вработени во медиумите да ни се приклучат за да можеме легитимно и заеднички да ги браниме нашите права зашто само масовноста може да обезбеди социјален дијалог со работодавачите.

# БИЛТЕН НА ССНМ

Април 2011 Vol. 1 Issue 3

## ЧЛЕНАРИНА

ССНМ повторно потсетува дека силата на синдикатот е во неговото членство. Зголемувањето на членството воедно значи и финансиско јакнење на организацијата што е еден од главните услови за независен и моќен синдикат.Само финансиски силен синдикат може да обезбеди квалитетна и бесплатна правна помош за своите членови, да овозможи дополнителна едукација, да создаде Солидарен фонд за социјално загрозените членови. Богатите синдикати обезбедуваат и плати за своите членови во услови на штрајк.

Сидикатот мора да може да биде независен од работодавачите или организациите чии што цели се спротивни на нашите, затоа главен извор на средства за синдикатот е членарината.

Воедно, потсетуваме и дека членарината за редовно вработените изнесува 150 денари месечно, за вработените со договор за дело 80 денари, за невработените не се плаќа, а за студентите и пензионерите членарината изнесува 50 денари. Плаќањето на членарината е статутарна обврска за секој од нас. Оттаму, членството во ССНМ на кое се согласивте со потпишување на пристапницата се активира со плаќањето на членарината и со добивањето на членската карта.

Во оние медиуми во кои плаќањето не е можно преку сметководството на фирмата или пак работодавачот не е „расположен“ да поддржи синдикално организирање (иако е тоа спротивно на Законот за работни односи) тоа може да се изврши со отворање на ТРАЕН НАЛОГ во банката во која имате трансакциона сметка (картичка на пример).

Трајниот налог се отвора со пополнување на формулар во кој се наведува бројот на сметката на ССНМ како и цел на дознаката. Станува збор за постапка која се користи за различни плаќања (на пример членарина за политичка парија, сметки и сл) и за која процедурата не е комплицирана.

**Податоците за сметката на ССНМ се:**

**ССНМ – Скопје ул АФЖ бр.9 НЛБ ТУТУНСКА БАНКА**

**210 066 586600189**




Изработката на членските карти е во тек. Ве потсетуваме да испратите фотографија во дигитален формат на ssnm.info@gmail. com

***Ако во вашиот медиум плаќањето не е можно преку сметководството или пак работодавачот не е „расположен“ да поддржи синдикално организирање, тоа може да се изврши со отворање на траен налог во банката во која имате трансакциона сметка.***

**САМО СИНДИКАТ МОЖЕ ДА ПРЕГОВАРА И ДА СКЛУЧУВА КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ .ТИЕ ИМААТ СИЛА НА ЗАКОН И НАЈДОБРО ГИ ЗАШТИТУВААТ РАБОТНИЦИТЕ!**

Април 2011

# БИЛТЕН НА ССНМ

Vol. 1 Issue 3

## ЗАПОМНИ

Синдикатот ги обединува сите – независно од нивната партиска, етничка или каква било друга припадност , сите имаме ист интерес:подобри услови за работа и подобра плата.

Само здружени новинарите и другите медиумски работници можат да ги променат работите и да ги остварат своите интереси. Сопствениците нема да ги сметаат за релевантни поединечните барања, но работниците организирани во силен сидикат нема да можат да ги игнорираат.

Без взаемна солидарност нема силен синдикат!

Не смееме да дозволиме да не исплашат заканите и забраните на сопствениците за формирање синдикат.Тоа е основно човеково право и неговото кршење е спротивно на законот, Уставот и меѓународните конвенции на кои Македонија е потписник

Силата на синдикатот е во неговото членство и подготвеноста на секој член поединечно да се бори за своите права

Посетете го нашиот блог www.jamtu.wordpress.com .Бидете член на нашата група на Фејсбук http://www.facebook.com/home.php?sk=group_177003832316143&ap=1 Сите забелешки, сугестии и ОСОБЕНО критики ни се драгоцени. Пишете на ssnm@live.com (фотографиите за членските праќајте ги на ssnm.info@gmail.com) Телефон (2)3298139 Градски ѕид блок 13. Скопје 1000